[redacted]

До: Општина Демир Хисар

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво**

## I ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

1.1 Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.

1.2 Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.

1.3 Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински органзиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

## II ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

2.1 Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади?

2.2 Дали е усвоена стратегијата за млади? Доколку да, споделете ја стратегијата во прилог.

2.3 Дали се направени акциски планови за неа? Доколку да, споделете го акцискиот план.

2.4 Доколку не е усвоена, дали и кога се планира да започне процесот?

## III КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

3.1 Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог.

## IV МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

4.1 Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог.

4.2 Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар.

4.3 Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, неведете ја организацијата?

## V СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

5.1 Дали е назначен службеник за млади во општината? Доколку да, споделете ја одлуката за неговото именување.

5.2 Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил – [redacted]**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 25.12.2024 година** [redacted]

**Датум:** 27.12.2024

**ДО:** [redacted]

[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 03-79/1 од 25.12.2024 ваш број, 18-1228/1, 26.12.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 25.12.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со имплементација на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики на локално ниво.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 25.12.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 26.12.2024 година под архивски број 18-1228/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 27.12.2024 година, под бр. 18-1228/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

**Локален младински совет**

1. Постапката за формирање на Локален младински совет е во тек.
2. https://demirhisar.gov.mk/soopshtenie-javen-povik/
   https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/08/javen-povik-za-lokalno-sobranie-za-mladi-2023.pdf

3. Постапката за формирање на Локален младински совет е во тек.

**Локална стратегија за млади**

1. Локалната стратегија за млади сеуште не е изработена, се планира да се обнови целата постапка во текот на 2025 година.

**Канцеларија за млади**

1. Не е формирана канцеларија за млади

**Младински центар**

1. Не е формиран младински центар

Општина Демир Хисар има назначен службеник за млади.
Катерина Радовска (Огненовска), 071 902 701, kateradovska@outlook.com

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**--------------------------------------**